


**Црквата Успение на Пресвета Богородица** (позната како: **Света Богородица Каменско**) е македонски православен христијански црковен храм во градот Охрид. Оваа црква се наоѓа во строгиот центар на градот Охрид, во стариот дел на градот, над стариот чинар и фонтаната во чаршијата. Во дворот на црквата се наоѓа гробот на дебарско-кичевскиот митрополит Антониј. Црквата изобилува со прекрасен фрескоживопис, како и со два сводови на кои се насилкани Пресвета Богородица и Исус Христос во централна положба. Исто така во црквата постои раскошен резбан иконостас. Не е познато кој мајстор го правел иконостасот, но се претпоставува дека станува збор за мијачки мајстор. Според својата конструкција иконостасот е поделен на пет хоризонтални

полиња [1]. Се смета дека црквата е изградена и живописана во XVII век, а била проширена во 1832 година [2] , што како година стои врежано над влезната порта во дворот на црквата. Црквата била живописана уште два пати, првиот пат од познатиот и прочуен зограф Дичо Зограф во 1863 година и втор пат во 1924 година [3] .

Оваа црква е централна парохиска црква на Втората охридска парохија. Фрескоживописот и иконите на иконостасот се дело на познатиот македонски зограф Дичо Зограф, изработени во 1863 година. Во 1991 година изградена е административна зграда. Во септември и октомври 2002 година, од страна на Заводот за заштита на спомениците на културата и Народен музеј - Охрид, извршено е чистење и конзервација на фрескоживописот. На 28. V 2004 година завршено е фрескоживописувањето на западната страна на црквата, која не беше живописана. На 15. VI 2004 година завршено е поплочувањето на подот со мермер гранит, а во месец декември 2006 година извршено е проширување на дворот, под кого се направени магацини, и негово партерно уредување[4].

**Наводи**

1. ↑http://www.ohrid.org.mk/mk/crkvi/sv_bogorod_k.htm
2. ↑http://www.ohrid.org.mk/mk/crkvi/sv_bogorod_k.htm
3. ↑http://www.ohrid.org.mk/mk/crkvi/sv_bogorod_k.htm
4. ↑„„Св. Богородица Каменско“ - Охрид“